ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15-153/13**

**Дата:** 01.09.2011

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Битола на депозитната сметка за 2010 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Битола за 2006 година и изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за законското и наменското трошење на средствата.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Битола презел мерки за дадените препораки.

За финансиските извештаи на Основен суд Битола за 2010 година изразивме негативно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, мислење со резерва за билансот на приходи и расходи и усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со извршената ревизијата констатирани се состојби кои упатуваат дека Основен суд Битола :
- не воспоставил сметководствена евиденција за дел од одземените парични средства, скапоцености и други предмети и
- не искажал обврски за применете парични средства на депозитната сметка наменети за увид, вештачење, отворање стечајна постапка или средства за кои во судска постапка треба да се утврди нивниот корисник.

Утврдените состојби влијаат на реалното и објективно прикажување на позициите: парични средства, активни временски разграничувања и обврски во биланс на состојба и приходите во билансот на приходи и расходи.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 7 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на депозитната сметка (696) на Основен суд Битола, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2006 година на Основен суд Битола и е изразено негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Јордан Врбовски, Претседател на Основен суд Битола од 11.02.2008 година и
- Оливера Манели Бандевска, судски администратор во Основен суд Битола од 16.11.2007 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Основен суд Битола се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи е изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на

овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 11/04/2011 до 03/06/2011 година.

## 3. Осврт на ревизијата за 2006 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2006 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Битола презел мерки за дадените препораки (Преглед II).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Основен суд Битола–предмет на ревизија, одржан на ден 12 мај 2011 година.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Ревизијата констатира дека во 2010 година претседателот на судот не извршил надзор на целокупното материјално и финансиското работење со средствата на депозитите, што не е во согласност со член 348 од Судскиот деловник. Неспроведениот надзор претставува ризик од ненавремено откривање на недостатоци и неправилности, започнување на кривична постапка за поголемите неправилности и давање потребни упатства и решенија за нивното отстранување или обезбедување на надоместок за евентуално нанесената материјална штета.

**Препорака**

Раководството на субјектот да обезбеди континуиран надзор на целокупното материјално и финансиското работење на депозитните средства, најмалку два пати годишно.

### 4.2. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.2.1. Со извршениот увид во Извештајот за извршен преглед врз севкупното работење на средствата за депозитите за 2010 година од 31.12.2010 година, изготвен од страна на Комисијата за преглед врз севкупното работење на средствата за депозитите за 2010 година, ревизијата констатира дека сметководствено не се евидентирани :

- одземените парични средства (1 илјада канадски долари и 4,8 илјади германски марки), скапоцености и други предмети депонирани во Народна банка на Република Македонија, за кои ревизијата не обезбеди доказ за проценетата вредност, а се однесуваат на започнат кривичен предмет и
- одземени парични средства во износ од 558 илјади денари во различни валути (денари, американски долари, евра, австралиски долари и дански круни), депонирани во благајната на Основен суд Битола, кои се однесуваат за повеќе започнати кривични предмети.

Утврдената состојба не е во согласност со член 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијае на реалното и објективно прикажување на податоците во финансиските извешти на позициите парични средства и приходи .

**Препорака**

Раководството на субјектот да преземе активности за обезбедување на доказ за вредноста на одземените скапоцености и да го задолжи одговорното лице кое ги води деловните книги сметководствено да ги евидентира одземените парични средства, скапоцености и други предмети.

4.2.2. Материјално-финансиското работење на Основен суд Битола го опфаќа и работењето на судот со вонбуџетски средства што се состои во ракување со туѓи средства кои судот ги прима од други органи и поединци како судски депозит, кои се употребуваат за определена цел, а најчесто за увид, вештачење, отворање стечај или претставуваат средства за кои во судска постапка ќе се утврди нивниот корисник. На крајот на 2010 година на депозитната сметка има салдо во износ од 33.716 илјади денари, кои претставуваат средства кои се уште не се употребени за одредена цел. При тоа ревизијата констатира дека во Судот не се води евиденција за прикажување на овие уплатени средства како обврски за соодветна намена, при што нема воспоставено аналитика која дава информации за правните или физички лица кои ги уплатиле средствата, причината за нивна уплата и периодот кога истите се уплатени.

Утврдената состојба не е во согласност со начелата на ажурност и навременост на евидентирањето на сметководствените настани, пропишани во член 2 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и доведува до нереално и необјективно искажување на сметките за активни временски разграничувања и обврските на 31 декември 2010 година.

**Препорака**

Раководството на субјектот да воспостави сметководствени принципи и начела за целосно, навремено и ажурно евидентирање на сите сметководствени трансакции во годината за која се однесуваат.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2.1. и 4.2.2. е невоспоставена сметководствена евиденција на дел од одземени парични средства, скапоцености и други предмети и не прикажување на салдото на депозитната сметка како обврски по различни основи, чие влијание се одразува врз позициите парични средства и приходи, активни временски разграничувања и обврски како и врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

5. **Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. финансискиот извештај – биланс на состојба не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Основен суд Битола на ден 31 декември 2010 година.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2.1. финансискиот извештај - биланс на приходи и расходи за 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината, се реално и објективно искажани, во согласност со важечката законска регулатива

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1.1., 4.2.1. и 4.2.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Основен суд Битола, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 24/08/2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| **Неданочни приходи** | | |
| Други неданочни приходи | 133.231 | 35.279 |
| **Вкупно неданочни приходи** | **133.231** | **35.279** |
| **Вкупно приходи** | **133.231** | **35.279** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 3 | 1 |
| Субвенции и трансфери | 99.512 | 5.620 |
| **Вкупно тековни расходи** | **99.515** | **5.621** |
| **Вкупно расходи** | **99.515** | **5.621** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 33.716 | 29.658 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Парични средства и побарувања** | | | |
| Парични средства | 4.1.1.1. | 33.716 | 29.658 |
| **Вкупно парични средства и побарувања** | | **33.716** | **29.658** |
| **Вкупна актива** | | **33.716** | **29.658** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1.1. | 33.716 | 29.658 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **33.716** | **29.658** |
| **Вкупна пасива** | | **33.716** | **29.658** |